РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-948/2
28-10-2024 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на членот 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), членот 40 став 1 и 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 9-та седница одржана на 09.10.2024 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Пријавата по која е оформен предметот со број 12-948/1 од 01.03.2024 година, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК оцени дека согласно со Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за надлежно постапување.

Пријавата и прилозите доставени кон истата да се доставaт на понатамошно постапување до Судскиот совет на Република Северна Македонија, како орган надлежен да постапува по претставки и поплаки на граѓаните и правните лица за работата на судиите, претседателите на судовите и судовите и надлежен да одлучува за утврдување на одговорност на судија и претседател на суд.

Предметот со број 12-948/1 од 01.03.2024 година да се архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето, а препис од одлуката да се достави до подносителот.

## Образложение

До ДКСК од страна на познат подносител на ден 01.03.2024 година е поднесена пријава во која се изразува незадоволство од постапувањето на судии од Основниот суд ------ и Апелациониот суд ------, од долгото траење на судската постапка и се изнесува сомневање за постоење на можен судир на интереси и корупција при одлучувањето на споменатите судови во вонпарнична постапка во која пријавителот се јавува како странка. По повод пријавата е оформен предмет број 12-948/1 од 01.03.2024 година.

По разгледувањето на пријавата ДКСК констатира дека нема елементи за нејзино надлежно постапување, поради тоа што се работи за прашања од законска надлежност на друг државен орган. Имено, согласно со член 36 став 1 алинеи 7 и 15 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија ( „Службен весник на РСМ“ бр.102/19), Судскиот Совет е надлежен да постапува по претставки и поплаки на граѓаните и правните лица за работата на судиите, претседателите на судовите и судовите и одлучува за утврдување на одговорност на судија и претседател на суд.

Од таа причина , предметот да се достави на надлежно постапување на Судскиот совет на Република Северна Македонија.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател**

**Татјана Димитровска**

Изработил: М-р В.З, Виш соработник
Контролирал: М-р К.З, Раководител на одделение
Согласен: М-р И.П, Раководител на сектор
Одобрил: С.С.М Член на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk